Оливер БАКРЕСКИ УДК: 355.45(410)

# КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМОТ НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА


***Кратка содржина***

*Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (The United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland) е држава на британските острови во Атлантскиот Океан која се наоѓа северозападно од европскиот континент и се дели на четири географски целини: Англија, Шкотска, Велс и Северна Ирска. Површината на нејзината територија изнесува 244.110 км² од кои на Англија и припаѓаат 130.410 км², на Шкотска 78.790 км², на Велс 20.760 км² и на Северна Ирска 14.160 км². Според податоците од 2005 година, бројот на жители изнесува 60.441,457 од нив во Англија живеат 49.855,700 жители, во Шкотска 5.057,400 жители, во Велс 2.938,000 жители и во Северна Ирска 1.702,600 жители[1]. Бруто-домашниот производ во 2007 година изнесувал 2,147 илјади милијарди УСД. Бруто-националниот производ по глава на жител за 2007 година изнесувал 35.300 УСД.[2]*

*Велика Британија е центар на Британската заедница на народите (The British Commonwealth of Nations) што ја сочинуваат некогашните британски колонии, кои стекнале независност или статус на доминиони (Австралија, Нов Зеланд, Кенија, Зимбабве итн). Карактерот на Британската заедница на народи е одреден на Империјалната конференција во 1926 година, а со Вестминистерскиот статут од 1931 година се утврдени статусот, правата и должностите на нејзините членки. Според Статутот, сите членки формално го признаваат британскиот монарх како шеф на државата, но се потполно независни во креирањето и во водењето на внатрешната и на надворешната политика. Повремено се одржуваат конференции на претседатели на влади на кои се расправа за заедничките интереси. Начелно, основите на постоење на оваа заедница се од економска природа и во таа смисла, многу се развиени преференцијалните царини како и другите олеснувања.*


---

[1] Податоци на Светската банка и ОБСЕ (види: http://encarta.msn.com/encyclopedia_761553483_3/United_Kingdom.html 16/03/2006).

[2] Види: https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/uk.html#Econ 05/05/2008.

*Британскиот Устав во голема мера е продукт на историски настани и за разлика од уставите на повеќето други земји тој не бил изложен во ниеден документ. Наместо тоа тој е создаден од пишан закон, вообичаено право и конвенција (Магна карта е најстар уставен документ напишан во 1215 година).*

*Велика Британија е парламентарна уставна монархија со монарх, со премиер со кабинет, со дводомно законодавно тело и со суд. Во Велика Британија не постои строга поделеност на моќта. Монархот, кој е шеф на државата и Парламентот формално го конституираат законодавното тело. Парламентот во Велика Британија има два дома, и тоа: Горен дом или Домот на лордови (House of Lords) и Долен дом (House of Commons). Извршната власт се состои од Влада (Кабинетот и другите министерства одговорни за националната политика) и владини оддели (одговорни за националната администрација). Премиерот ја предводи Владата и тој е избран од законодавното тело. Технички, судовите немаат моќ на судска ревизија.*[3]

*Монархијата е најстара институција. Кралицата Елизабета II е потомок на кралот Егберт, кој ја обединил Велика Британија со неговите правила во 829 година. Единствениот прекин во историјата на монархијата бил периодот од 1649 до 1660 година кога е прогласена република. Денеска Кралицата не е единствена британска глава на државата, но сепак е важен симбол на националната држава. Кралската титула во Британија се остварува преку Елизабета II по милост божја на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска и на нејзините кралски територии. Таа е водач на државната заедница и бранител на вербата.*[4]

*Велика Британија има важна улога во меѓународната заедница. Таа е членка на: ООН, НАТО, ЕУ, ОБСЕ, Г-7, Светската трговска организација, Меѓународниот монетарен фонд, Интерпол и други значајни меѓународни организации. Велика Британија е постојана членка на Советот за безбедност на ООН и водечки воен контрибутор во НАТО и во одбранбениот идентитет на ЕУ.*

---

[3] Maddex L. Robert, *Constitutions of the World*, Routledge, London, 1996, p.296.
[4] The British System of Government, London: HMSO, 1994, p. 6.

## 1. Политика на национална безбедност

По 1990 година поради промените во новата безбедносна средина, во Велика Британија следуваше детална научна и стручна анализа на сите расположливи одбранбени и безбедносни потенцијали и нејзина реорганизација и приспособување кон новите безбедносни предизвици со цел да се одржи поволна безбедносната состојба на подрачјето на националната безбедност и да ја задржи респектибилната позиција на меѓународен план.

Во согласност со новата политика за XXI век, нејзината активност е насочена кон елиминирање на спротивставените интереси со партнерите во Европа и пошироко. Тоа значи создавање и креирање безбедносна политика која ќе ги следи овие процеси. За таа цел, Велика Британија гради вооружени сили кои треба да се приспособат на новата реалност и треба да бидат подготвени не само да ја бранат Велика Британија и нејзините интереси, туку, исто така, да бидат сила која ќе придонесува за доброто во светот и сила која ќе помага да се спречат кризите.[5] Значи, Велика Британија развива сили кои ќе ги одржуваат победничките способности. Ова за во иднина треба да значи поголемо фокусирање на способноста отколку испорачување платформи, распоредливост на силите, зголемување на ефикасноста, поголема флексибилност, достигнување високи стандарди на професионализам, добра обука и соодветна опременост итн.[6]

Во концепирањето на новата политика на национална безбедност, Велика Британија најнапред тргнува од процената на новите безбедносни закани, и тоа: извори кои предизвикуваат нестабилност во Европа, а кои можат да претставуваат закана за безбедноста на Велика Британија; извори на нестабилност кои индиректно можат да ја загрозат безбедноста на Велика Британија (на пример некои политички режими); пролиферација на нуклеарно, на хемиско и на биолошко оружје; и појавата на нови безбедносни ризици (дрога, организиран криминал, тероризам, загрозување на екосистемот и сл.).[7] Од ова произлегува дека безбедноста и националниот просперитет на Велика Британија зависат од меѓународната стабилност, слободата и економскиот развој, како и од ефикасноста на државата за справување со посочените закани.

---

[5] The Ministry of Defence Policy Papers: *Defence Diplomacy*, Paper no. 1, p. 2.

[6] http://www.mod.uk/DefenceInternet/About Defence/Organisation/Defence Vision/ 23/02/2006.

[7] The Strategic Defence Review, London, 1998, pp. 5-9.

Безбедноста на Велика Британија, како што е декларирано во стратегиските документи е неделива од онаа на европските партнери и сојузници. Затоа Велика Британија има фундаментален интерес за обезбедување безбедност и стабилност во континентот во целина и за ефикасен НАТО како колективен политички и воен инструмент за остварување на интересите. Сепак, и покрај интегративниот процес што води кон поголема меѓузависност на државите, остануваат одредени прашања кои треба да се решаваат на национално ниво. Заради тоа потребно е преземање разузнавачко-оперативни, безбедносни и други мерки за спротивставување против новите безбедносни закани, како што се: тероризмот, организираниот криминал, трговијата со дрога, трговијата со луѓе итн. Во таа насока се инсистира на заеднички настап и отстранување на изворите на опасност, со континуирани мерки за правовремено реагирање, со што би се заштитиле националните вредности од изненадувања, со кои може да се усложни безбедносната состојба во одделни области. Заради тоа се наметнува потребата од поголема соработка со своите партнери од Европа и од НАТО. Конкретна соработка постои во рамките на меѓународните институции во кои се донесени голем број декларации, договори итн., кои ги обврзуваат државите на заеднички пристап и на заеднички активности за справување со асиметричните закани.

Велика Британија очекува НАТО да ја обезбеди рамката за одговор на секоја криза со значителни импликации за европската безбедност, а исто така очекува САД да ја обезбедат рамката за други големи, борбени операции со висок интензитет во коишто ќе избере да биде инволвирана.[8] Со тоа, безбедноста и стабилноста на Европа и одржувањето на трансатлантската врска остануваат фундаментални за безбедносната и одбранбена политика на Велика Британија. Покрај тоа и капацитетот да испорачува ефикасна воена сила во мировни интервенции и операции заедно со ЕУ и со НАТО сојузниците е витална компонента на безбедносната политика на Велика Британија.[9]

Врз основа на изнесеното можат да се одредат безбедносни приоритети, на чија основа понатаму ќе се развива политиката на национална безбедност на Велика Британија. Тоа се:

---

[8] *The Future Strategic Context for Defence,* Ministry of Defence, February 2001, p. 17.

[9] Својата воена моќ, Велика Британија ја има демонстрирано со учество во повеќе мисии заедно со САД, и тоа: Босна, Косово, Авганистан, Ирак и други меѓународни ангажмани.

а) Европската безбедност и НАТО. Европската безбедност останува пресуден фактор во остварувањето на безбедноста на Велика Британија, а членството во НАТО е најдобро обезбедување на Велика Британија против различните безбедносни закани. На НАТО во Велика Британија се гледа како на стожер на колективната безбедност и како средство на нациите на Америка и на Европа за продлабочување на нивните заемни интереси.[10]

б) Безбедносните приоритети надвор од Европа. Примарни подрачја на интерес се Средоземјето и подрачјето на Блискиот Исток, особено Персискиот залив. Во другите делови од светот интересот на Велика Британија е мал, а реакцијата ќе зависи од ситуацијата.

## 2. Институции за управување со одбраната

Во Велика Британија прашањата од доменот на национална одбрана им се доверени на Кралицата, на Парламентот и на Владата со нејзиниот кабинет.

Трите елементи што го конституираат законодавното тело, и тоа: Кралицата, Горниот дом (House of Lords) и Долниот дом (House of Commons) се формирани врз основа на различни принципи. Тие заедно ретко се среќаваат и нивните средби имаат симболична важност, но сепак, помеѓу овие три елементи, постои усогласување, бидејќи тоа го бара законодавството, според кое сите одлуки треба да се изложат најнапред пред Кралицата.[11]

**Кралицата** ја претставува државата и формално има обврска да склучува договори со странски земји. Таа е интегрален дел од законодавството, глава на судството, врховен командант на вооружените сили и врховен поглавар на црквата на Англија. Како шеф на државата, има моќ да објави војна и да се залага за мир.

Во однос на Владата, Кралицата игра важна улога во работата на Владата. Во тој контекст таа ги води сите важни средби, понатаму им дава препораки на министрите, а за активностите што ги преземаат Владата и министерите постојано е информирана. Во оваа рамка и наспроти трендот во изминатите сто години кон давањето моќ директно на министрите, Кралицата сè уште е вклучена во некои битни активности на Владата. Кралицата е законски обврзана да

[10] *The Future Strategic Context for Defence*, Ministry of Defence, February 2001, p. 13.
[11] *The British System of Government*, London: HMSO, 1994, p. 14.

прима и да дава совети, односно дејствува во согласност со премиерот. Кралицата формално назначува многу важни службени лица, вклучувајќи ги владините министри, судии, офицери во вооружените сили, дипломати, бискупи и некои други важни личноеги на црквата на Англија. Исто така, нејзе и е доверена една од најважните функции како што е изборот на премиер.

Во однос на Парламентот, улогата на Кралицата е само церемонијална. Таа еднаш годишно ја става круната на државната облека за да го одржи кралскиот говор (напишан од Владата соопштувајќи ја нивната законска програма за наредннот период). Таа мора да даде кралска согласност на целокупното законодавство спроведено од двата дома на Парламентот, а има и право да го распушти стариот состав на Парламентот и да донесе одлука за распишување избори во соработка со премиерот.[12]

**Британскиот Парламент** е составен од два дома, и тоа: Долен (House of Commons) и Горен дом (House of Lords).

*Долниот дом* ги има сите законодавни права. Неговите членови се избираат секоја петга година на општи и непосредни избори со тајно гласање. Долниот дом има 651 пратеник[13], кои припаѓаат на различни политички партии, а веќе подолго време најзастапени се претставниците на Конзервативната и на Лабуристичката партија. Меѓутоа, тоа не значи дека малите политички партии немаат значајно влијание во работата на Парламентот и во вкупниот британски политички живот.

Долниот дом влијае врз концептот на некоја владејачка партија и на партија која не е ва власт на следниот начин: членовите на двете групи седат свртени со лицата едни кон други во долги и широки редици, така што мнозинската партија е на десната страна од местото на спикерот, а опозицијата седи на левата страна со *TJB* „кабинет во сенка" подготвена да ја преземе функцијата во следната дебата. Спикерот не мора да е член на мнозинската партија.[14]

*Горниот дом* или Домот на лордови го сочинуваат претставници на наследната аристократија, како и истакнати личности од политичкиот и од општествениот живот, кои стекнуваат титули по положба, именување од монархот или со избор (на пр., Маргарет Тачер станала член на Горниот дом по добивањето титула „lady"). Во

---

[12] Paul Silk with Rhodri Walters. *How Parliament Works*, Logman, London and New York, 1989, p. 19.

[13] Од 651 пратеничко место, 524 се за Англија, 38 за Велс, 72 за Шкотска и 17 за Северна Ирска.

[14] Maddex L. Robert, *Constitutions of the World*, Routledge, London, 1996, pp. 297-298.

основа, Горниот дом е составен од духовни и темпорални лордови. Духовните лордови се надбискупот од Кентербери и Јорк и 24 постари бискупи од англиската црква. Темпоралните лордови се сите наследни велможи од Англија, од Шкотска, од Велс и од Обединетото Кралство (но не и велможите од Ирска); потоа велможи кои му помагаат на Горниот дом на лордови во судските должности (лордови на правото); како и сите други велможи.[15] Бројот на членови на Горниот дом не е постојан, на пример во 1968 година имал 1062 членови, а во 1984 година околу 1200 членови. Бидејќи, Горниот дом од почетокот на овој век добил ограничени законодавни функции, особено во областа на финансиите, што е исклучителна компетенција на Долниот дом, тој претставува се помалку значајна институција на британскиот политички живот и неговата функција денес е повеќе или помалку церемонијална. Тоа се гледа и од фактот дека на седниците на овој дом во просек присуствуваат околу 350 членови, што не претставува ниту една третина од вкупниот број. Горниот дом е последниот суд на жалби за случаи на граѓаните во Британија и за криминални случаи во Англија, во Велс и во Северна Ирска.

Британскиот Парламент работи во сесии. Секоја од нив вообичаено трае по една година почнувајќи и завршувајќи во октомври или во ноември. Во текот на својата работа, Парламентот извршува повеќе функции. Главни функции на Парламентот се: да донесува закони; да обезбедува (преку гласање за данок) средства што ѝ се потребни на Владата за работа; да ја разгледува политиката на Владата и на администрацијата, вклучувајќи ги и предлозите за потрошувачката; да дискутира за поглавните настани на денот итн.[16]

Велика Британија е управувана од влада во име на Кралицата. Владата е составена од министри и од Премиер кој е вистинска политичка фигура.

Премиерот технички е избран од монархот. Монархот на Велика Британија формално му го доверува мандатот за состав на Влада на лидерот на партијата која има мнозинство во Долниот дом. Со тоа Владата ги има сите извршни функции, а е под јурисдикција искучиво на овој Дом. Владата ја извршува целата работа во Долниот дом во консултација со другите партии. Владата која има поголемо мнозинство во Долниот дом, може целосно да ги суспендира постојните одредби и да даде законски предлог што ќе овозможи идното закон-

[15] *The British System of Government*, London: HMSO, 1994, p. 16.
[16] Ibid., 1994, p. 15.

одавство да биде по министерски ред, наместо по акти на Парламентот.[17] Значи, формално гледано, Горниот Дом нема никакво влијание на Владата, меѓутоа треба да се има предвид фактот дека припадниците на аристократијата се многу застапени во раководствата на водечките партии, особено во Конзервативната партија, како и со прифаќањето на министерските места, во значителна мерка влијаат на креирањето на тековната политика.

Премиерот е одговорен за работата на Владата и е главен законодавец. Како водечка фигура на Кабинетот и во владејачката партија, премиерот има огромна моќ, која сепак е контролирана од Парламентот и од не така лесно справливата „лојална опозиција" или помалку важна партија во Долниот дом.

Теоретски, премиерот е primus inter pares (прв меѓу еднаквите) во британскиот Кабинет. Премиерот има многу ограничени овластувања со кои назначува членови на британската администрација и обично постои тензија помеѓу избраните службеници и администрацијата. Сепак, во практиката, силен премиер може да доминира со Владата со тоа што ќе се обиде да ја пополни лидерската улога во земјата дејствувајќи како да е „условен" претседател на државата.[18]

Улогата на премиерот во работењето на Владата е проследена со исполнување голем број на обврски. Главните обврски на премиерот вклучуваат поставување насоки на Владата, назначување членови на Кабинетот, координирање на активностите на Кабинетот и на владините министерства, учество на церемонијални средби и претставување на „лицето" на државата во земјата и во странство. Исто така, премиерот одлучува за дневниот ред на министерските состаноци, донесува важни политички одлуки, одговара за важни државнички работи, ја развива внатрешната и надворешната политика и донесува законодавни програми.

Во сферата на управување со одбраната, премиерот е одговорен за: формулирање на политиката на Владата за одбрана; за контрола на политиката и администрацијата преку контролирање на министерствата за одбрана, за финансии, за надворешни работи; потоа за координација на работата на овие министерства и одржување на континуитет на лолитиката за одбрана.

Во рамките на остварувањето на одбраната свое место има и **Министерството за одбрана.** Тоа е задолжено да ги извршува одлу-

---

[17] Paul Silk with Rhodri Walters. *How Parliament Works*, Logman, London and New York, 1989, pp. 41-42.

[18] http://en.wikipedia.org/wiki/Prime_Minister_of_the_United .Kingdom.

ките и препораките добиени од Владата (Кабинетот) и од Комитетот за одбрана. Исто така, најнепосредно се грижи за вооружените сили и раководи и командува со нивната оперативна употреба. На чело на Министерството за одбрана се наоѓа државен секретар за одбрана (во својство на министер). Тој ја спроведува политиката за одбрана и воедно е и претседавач на Советот за одбрана (Defence Council) кој е посебен колегијален орган кој му стои на располагање на државниот секретар за одбрана. Овој совет се занимава со прашања за развојот и оперативните употреби на вооружените сили.

Државниот секретар за одбрана е министер од Кабинетот кој е задолжен за креирање и извршување на одбранбената политика и за обезбедување средства со кои таа се извршува. Како одговорен за сите елементи на одбраната, државниот секретар за одбрана добива поддршка од трите подредени министри: државниот министер за набавки во одбраната, државниот министер за вооружени сили и државниот потсекретар за одбрана. Министрите работат во координација со менаџерскиот тим на Министерството за одбрана, кој е предводен од началникот на Генералштабот и од постојаниот секретар. Тие ја делат одговорноста за работењето на Секторите, а нивната улога подеднакво е важна и за воениот и за цивилниот дел за политички, за финансиски, за административни и за оперативни прашања. Менаџерскиот одбор е извршен одбор на Советот за одбрана и е одговорен за раководењето со клучните процеси, особено за годишната процена на одбранбената програма и секторските планирачки процеси.

Државниот секретар на подредените министри им издава задолженија за посебни аспекти на вооружените сили и за работата на Министерството за одбрана. Сепак, наредните надлежности се исклучиво во негов домен: одговорност за водење на стратегиската политика и буџетските прашања, насочување на главните тековни и потенцијални оперативни обврски, спроведување на модернизацијата на одбраната и прашања поврзани со НАТО/ЕБОП (европска безбедносна и одбранбена политика).[19]

Во рамките на Министерството за одбрана егзистира Генералштабот. Тука се планираат заеднички операции на сите три вида вооружени сили. Генералштабот се ангажира во успешно спроведување определена задача, бидејќи тој е задолжен за оперативно управување, командување и координација на вооружените сили. Исто

[19] http://www.mod.uk/aboutus/staff/sofs.htm

така, во состав на Министерството за одбрана се наоѓа обединет цивилен и воен кадар, одговорен на началникот на Генералштабот и на постојаниот потсекретар. Началникот на Генералштабот е одговорен за спроведување на политиката и на стратегијата, како и за координација на оперативните зафати и примена на вооружените сили. Началникот на Генералштабот е висок офицер назначен од Кралицата.

Началникот на Генералштабот физички е главен командант на вооружените сили на земјата, иако тоа не е очигледно од неговите овластувања кои формално ѝ се доверени на круната. Началниците на штабовите на видовите (копнена војска, воена морнарица, воздухопловни сили) имаат одредена самостојност во развојот и во оперативната употреба на потчинетите сили и тие преку началникот на Генералштабот се одговорни пред Државниот секретар за одбрана за прашањата поврзани со борбената ефикасност и управување со вкупната ефикасност на одреден вид вооружени сили.

Во рамките на одбранбено-безбедносниот систем, соодветно место во Велика Британија ѝ припаѓа на **полицијата**.[20] Во организациска смисла, полицијата во Велика Британија е засновна на строги децентрализирани основи. Преовладува една нагласена разноликост, што претставува еклатантен пример за децентрализација на организационата структура, која, сепак, првенствено зависи од политичкото уредување, односно од организацијата на државната власт, историските развојни процеси, како и од административната поделба. Најзначајните територијални целини на Обединетото кралство Велика Британија и Северна Ирска (Англија, Велс, Шкотска и Северна Ирска) имаат организирано полициски организации. Меѓутоа, Северна Ирска и Шкотска имаат одвоени организирани полициски сили во однос на Англија и на Велс. Така, полициското уредување на Обединетото кралство Велика Британија и Северна Ирска го сочинуваат: полицијата на Англија и Велс, полицијата на Шкотска и полицијата на Северна Ирска.

---

[20] Велика Британија нема национални полициски сили, ниту министерство за внатрешни работи. Постојат провинциски полициски сили. Со секоја провинција управува посебен комитет, во чиј состав се претставниците на локалната власт (една од најважните задачи на комитетот е поставување, односно сменување на раководителот на локалните полициски сили).

## 3. Координација на безбедносниот сектор

Во уставните монархии[21] каква што е и Велика Британија еден од проблемите е дали главната верност на народот треба да биде кон круната или кон администрацијата, предводена од Владата.

Кралицата во Велика Британија е врховен командант на вооружените сили и ги назначува сите офицери. Теоретски, Кралицата има авторитет, но никогаш не го практикува. Премиерот ја има целосната одговорност за одбранбените и безбедносните прашања, а во тоа својство му помага секретарот на Кабинетот. Државниот секретар за одбрана е одговорен за прашањата од областа на одбраната.

Највисок орган за управување со одбраната и командување со вооружените сили е Министерскиот кабинет на чело со премиерот. Кабинетот ја утврдува одбранбената политика на земјата, која ја усвојува Парламентот, се грижи за изградувањето на вооружените сили и нивната употреба во заштита на интересите на Велика Британија.

Координацијата на безбедносната заедница е во рацете на премиерот и конкретно координацијата во одбраната се остварува во рамките на Комитетот за одбрана (орган на Владата). Комитетот за одбрана во основа ги обединува сегментите воена и цивилна одбрана, како и воената индустрија и тој се состои од различни министри и советници, а со него претседава премиерот. Него го сочинуваат државниот секретар за одбрана, министерот за надворешни работи, министерот за финансии, министерот за индустрија и трговија, началникот на Генералштабот и други луѓе кои премиерот смета дека се релевантни. Во рамките на Комитетот за одбрана, премиерот се среќава и со други министри и ги запознава за политичката цел на одредена мисија. Комитетот го надгледува развојот на вооружените сили во мир, а во време на војна раководи со воените операции; предлага висина и структура на финансиските средства за одбрана врз основа на целосна годишна анализа на состојбата на безбедноста во земјата; забележува можни проблеми во остварувањето на одбраната и предлага начелни решенија и сл. По дискусијата во Комитетот се носи одлука (премиерот ја носи таа одлука) која му ја соопштува на началникот на Генералштабот за тоа кои активности треба да ги изврши при одредена специјална операција. Комитетот се состанува

---

[21] Уставната монархија останува и понатаму популарна во ограничена смисла на одобрување од страна на народот и тоа најмногу на европскиот континент. Во Велика Британија и во Холандија владее кралица, но таа не управува со државата.

на неделна основа нли, пак, дневно ако има потреба за тоа, за да дискутира за политнката на одбраната.

Премиерот континуирано се грижи за остварување координација помеѓу соодветните органи кои се задолжени за спроведување определена одлука и има можност постојано да сугерира да се зајакние соработката и координацијата помеѓу релевантните институции. Премиерот ја известува Кралицата за одлуките кои се носат во Комитетот за одбрана. Кралицата дава сугестии, но не издава директиви, Главните одлуки кои се донесени во Комитетот се дискутираат во Парламентот, за да се запознае јавноста дека тие се за доброто на народот. Од ова се прави исклучок кога се работи само за тајни и премногу осетливи безбедносни прашања. Во одредени ситуации поради определени безбедносни приоритети неопходно е да се донесе брза одлука без соодветна расправа од страна на Парламентот. Премиерот може да донесе таква одлука и да го прескокне Парламентот, но сепак одлуката подлежи на парламентарна расправа кога ќе се создадат соодветни услови за тоа.

Парламентот во текот на годината одржува многу состаноци на тема одбрана, како што се, на пример, дводневен состанок на Одборот за одбранбени процени (The Defence Estimates), на кој се донесува концепцијата за одбраната. Во Горниот Дом или во Домот на лордовите за прашањата за одбраната се говори со повеќе авторитети, затоа што во него членуваат многу поранешни високи политичари, воени лица и службени лица. Парламентот донесува насоки за развој на одбранбената политика во рамките на дејствување на одбранбениот систем, но нема непосредно влијание на понатамошното обликување на одбранбената политика (има само надзорна и советодавна улога, а практичните мерки ги спроведува Владата).[22]

Во рамките на безбедносниот сектор одредено место зазема и Одобрувачкиот совет (Approval Council). Овој совет е назначен од Кралицата и се состои од околу 200 луѓе. Тука партиципираат поранешни воени лица, високи политичари како и други луѓе. Тие ја советуваат Кралицата за сите прашања од општествениот живот во интерес на земјата. Премиерот и министрите се, исто така, членови на овој совет, но тука се занемаруваат политиката и политичките партии. Сите членови имаат ист статус. Овој совет претставува уставен механизам кој преку дискусии помеѓу членовите му дава сугестии на Премиерот, односно се поддржува или се критикува неговата поли-

[22] Grizold A., Tatalović S., Cvrtila V., *Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti*, Fakultet političkih znanosti, Zagreb, 1999, str. 159.

тика. Така, во неформални разговори меѓу истакнати луѓе од општествениот живот премиерот ги добива идните насоки за неговата политика, вклучувајќи ја и националната безбедност и одбрана.

Во системот за национална безбедност соодветно место ѝ припаѓа и на разузнавачко-безбедносната заедница. Врв на пирамидата на разузнавачко-безбедносните заедници во Велика Британија претставува Владата, како носител на сите извршни функкиии. Премиерот е одговорен за сите разузнавачки и безбедносни прашања, а во тие работи го поддржува секретарот на Кабинетот (владата). Премиерот претседава со Министерскиот комитет за надзор и управување со разузнавачките и со безбедносните служби кој претставува највисок орган за раководење на разузнавачко-безбедносните активности.[23] Сепак, вистинската функција на управување на разузнавачко-безбедносниот систем ја има Комитетот на постојани потсекретари за насочување на разузнавачката работа. Овој комитет им помага на ресорните министерства во постојано надгледување на работата на разузнавачките и на безбедносните служби. Неговите основни функции се: утврдување на приоритетите, насоките и плановите на работа на сите разузнавачки служби; надзор и контрола на работата на сите разузнавачки служби; контрола и надзор на предвидените годишни трошоци на службите итн. На чело на Комитетот за постојани потсекретари се наоѓа Секретарот на кабинетот, а членови се потсекретарите на министерствата за одбрана, внатрешни работи, финансии, началникот на Генералштабот и координаторот за разузнавачки работи. Координацијата е ефектуирана од секретарот на кабинетот кој му рапортира директно на премиерот.

(Рецензент: *доц. д-р Тони Милески*)

[23] „National Intelligence Machinery", London: The Stationary Office, 2001, p.12.

## ЛИТЕРАТУРА

Maddex L. Robert, *Constitutions of the World,* Routledge, London, 1996

*The British System of Government,* London: HMSO, 1994

The Ministry of Defence Policy Papers: *Defence Diplomacy,* Paper no. 1

*The Strategic Defence Review,* London, 1998

*The Future Strategic Context for Defence,* Ministry of Defence, February 2001

Paul Silk with Rhodri Walters. *How Parliament Works,* Logman, London and New York, 1989

„National Intelligence Machinery", London: The Stationary Office, 2001

Woodhouse Diana, Ministers and Parliament: Accountability in Theory and Practice, Clarendon Press, Oxford, 1994

Crick Bernard, National Identities: The Constitution of the United Kingdom, Blackwell Publishers, 1991

Jones Bill, Political Issues in Britain Today, Manchester University Press, 1994

Jowell Jeffrey and Oliver Dawn, The Changing of Constitution, Clarendon Press, Oxford, 1994

Бакрески О., Координација на безбедносниот сектор-искуства и практики, Филозофски факултет, Скопје, 2006

Grizold A., Tatalović S. i Cvrtila V., *Suvremenisistemi nacionalne sigurnosti,* Fakultet politićkih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1999

http://www.mod.uk/DefenceIntemet/AboutDefence/Organisation/DefenceVision/ 23/02/2006.

http://www.mod.uk/aboutus/staff/sofs.htm

http://en.wikipedia.org/wiki/Prime_Minister_of_the_United_Kingdom

https://www.cia.gOv/library/publications/the-world-factbook/geos/uk.html"Econ

http://encarta.msn.com/encyclopedia_761553483_3/United_Kingdom.html

http://en.wikipedia.org/wiki/Prime_Minister_of_the_United_Kingdom/

http://www.mod.uk/aboutus/staff/minvets.htm

http://www.mod.uk/DefenceInternet/AboutDefence/Organisation/DefenceVision/

http://www.mod.uk/aboutus/staff/mindp.htm

Oliver BAKRESKI

# COORDINATION OF THE NATIONAL SECURITY SYSTEM OF THE UNITED KINGDOM

## Resume

*National security system of the United Kingdom is in great extent determined by the specifics of the very political system, by the historic circumstances, but also by the need to create a system which will be in function of protecting the country from contemporary risks and threats. The issues in the area of national defense in the United Kingdom are confined to the Queen, the Parliament and the Government with its cabinet. The three elements that constitute the legislative body, namely the Queen, the House of Lords and the House of Commons have been formed based on different principles. They rarely meet together and their meetings have symbolic significance. However, among these three elements, there is coordination, because it is required by the legislation, according to which all decisions should be first presented in front of the Queen.*

***Keywords:*** *UNITED KINGDOM, INSTITUTIONS, NATIONAL POLICY, CO-ORDINATION.*